РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-5430/3
07-02-2024
(2022)

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 100 – та седница, одржана на 06.02.2024 година ја донесе следната

## Одлука

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси со бр. 09-5430/1 од 31.05.2022 година, против ------, селектор на --------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за надлежно постапување, бидејќи пријавеното лице не е службено лице во смисла на член 8 став 2 од истиот закон.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 31.05.2022 година, поднесена е пријава против ---------, селектор на --------, по што оформен е предмет со број 09-5430/1 од 31.05.2022 година.

Во пријавата, подносителот наведува дека лицето -------, селектор на ----- е одговорен за избор на репрезентативци. За неговите одлуки во врска со изборот на репрезентативци гласа управниот одбор на ------. Еден од членовите на Управниот одбор е неговата ќерка ------- која во исто време е и полномошен правник на -----------.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, пријавеното лице, -------- не е службено лице во смисла на член 8 став 2 од ЗСКСИ.

Поради тоа што ДКСК не е надлежна во предметниот случај, се обрати до Агенцијата за млади и спорт со Барање информација бр. 09-5430/2 од 18.08.2022 година дали е постапено во овој случај како надлежна институција, но од нивна страна не беше вратен повратен одговор до одржување на оваа седница.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Контролирал: К.З. - раководител
Одобрил: С.П.Д – член на ДКСК